# СИМПОЗИУМ „МАКЕДОНИЈА ВО ИСТОЧНАТА КРИЗА 1875—1881"

По повод стогодишнината од Разловечкото востание и Источната криза, Македонската академија на науките и уметностите организира симпозиум на тема „Македонија во Источната криза 1875—1881".

Изминатите сто години од „Источната криза" до денес претставуваа доволен временски период за едно сестрано и задлабочено научно третирање на бројни аспекти од широката проблематика изразена низ предложената тематска и временска рамковна определба на симпозиумот. Желбата на организаторот беше да се даде нов прилог во расветлувањето на внатрешната и меѓународната положба на Македонија во годините на Кризата и непосредно по нејзиното дипломатско завршување. Големото историско значење на кризата, нејзините меѓународни аспекти и последици, широчината на националноослободителното движење во Македонија во овие години дадоа можност за обработка на бројни проблеми од историско-политички, економски, меѓународно-правен и дипломатски карактер. Тоа бездруго овозможи учество на симпозиумот на еден широк круг на специјалисти.

Симпозиумот се одржа од 17 до 19 мај 1976 година во просториите на Педагошката академија во Штип. Покани за учество на симпозиумот беа испратени до 240 поединци и институции како и за 62 поединци или институции од странство, и тоа од: Англија, Франција, Западна Германија, Источна Германија, Грција, Австрија, Италија, Унгарија, Романија, ЧССР, Полска, СССР и др.

Научниот собир го отвори претседателот на Организациониот одбор, академикот Михаило Апостолски. На отворањето, покрај учесниците на собирот, гостите од градот домаќин и претставници од речиси сите градови во Источна Македонија, присуствуваа и поголем број јавни и културни работници од Републиката, меѓу кои: Фируз Демир и Мара Минанева — членови на Претседателството на СР Македонија, Шукри Рамо — потпретседател на Собранието на СР Македонија, Томе Дракулевски — потпретседател на ССРНМ и Мети Крлиу — потпретседател на Сојузот на борците од НОВ. Собирот го поздравија и му пожелаа плодна работа претседателот на Собранието на општината Штип, Михаил Данев; група пионери од ОУ „Никола Карев" од Радовиш; Бранислав Вранешевиќ, претседател на Сојузот на историчарите на Југославија; Николае Чакир, професор од Букурешт (Романија); Јозеф Бушко, професор од Краков (Полска) и Нина С. Кињапина професор од Москва (СССР). Покрај поздравните говори, поздравни писма испратија Хенрик Батовски од Краков (Полска) во својство на претседател на комисијата за историја на словенските народи и потпретседател на Меѓународната комисија за словенски историски студии. Поздравно писмо испратија и акад. Васа Чубриловиќ, директор на Балканолошкиот институт при САНУ и акад. Душан Недељковиќ од САНУ. Месната заедница од селото Разловци испрати телеграма со која на собирот му пожела успешна работа и здобива-

ње со нови сознанија за борбите за национално и социјално ослободување на македонскиот народ. Голем број од поканетите учесници, кои не беа во можност да присуствуваат и да учествуваат во работата на симпозиумот, во своите писма изразија жалење што не можат да бидат присутни на овој еминентен собир и му пожелаа мошне успешна работа.

Вкупно беа пријавени 58 учесници, а беа поднесени 40 реферати. Во дискусијата зедоа учество 48 дискутанти. Работата на симпозиумот се одвиваше во 2 пленарни седници и две секции (А, Б). На првата пленарна седница беа поднесени два реферата и тоа на проф. Љубен Лапе, дописен член на МАНУ, под наслов „Внатрешната положба во Македонија за време на Источната криза" и на д-р Манол Пандевски под наслов „Македонија во меѓународните спогодби и договори во времето на Источната криза." Од странство имаше вкупно 8 учесници и тоа од: Полска, СССР, Романија и Турција.

Дискусијата и во двете секции беше отворена, плодна и конструктивна. Можеа да се слушнат најразлични мислења, а некои од нив и контраверзни, но сепак не го изменија нејзиниот карактер, туку напротив тоа делуваше како поттик за ширење на дискусијата. Иако извесни дискусии се повторуваа, може да се заклучи дека по одделни прашања дискусијата претставуваше значаен прилог во расветлувањето на настаните за време на големата Источна криза. Во дискусијата која се водеше речиси по сите реферати, беа покренати мошне интересни прашања. Меѓу прашањата кои доминираа во неа би требало да ги споменеме: политиката на големите сили спрема Македонија во Источната криза, резултатите од Руско-турската војна за балканските земји, а особено за Македонија, прашањето за управно-политичките реформи во Македонија, Санстефанскиот договор и неговите негативни последици за македонското прашање и воопшто за Балканот, ставовите на одделни балкански држави спрема Македонија во Источната криза и други прашања. Голем интерес во дискусијата предизвикаа и проблемите во врска со општествено-економската и политичката положба на македонскиот народ за време на Источната криза, потоа беа одбележани повеќе вооружени востанички акции и други видови форми на отпор на македонскиот народ во овој период. Исто така беа зафатени и прашањата од областа на организацијата на власта, привремената влада на Македонија и други настапи кои на одреден начин го покажуваа националноослободителниот карактер како и социјалната компонента на македонското ослободително движење. Истовремено, во голем дел уводни излагања и во дискусиите, беа обработени повеќе прашања од овие судбоносни мигови за македонскиот народ кои нашле одраз во народното творештво и во уметничката литература. Во дискусијата стана збор и за одразот на настаните од кризата во Европската јавност. Беа поставени и повеќе прашања до одделни референти на кои им беа дадени соодветни одговори во смисла на дообјаснување на некои прашања.

На симпозиумот се подвлече потребата за интердисциплинарна обработка на одделни настани од тој период, што симпозиумот гледано во целина добива и таков карактер, бидејќи дава светлина на Источната криза од повеќе аспекти.

Дискусијата истакна повеќе нови проблеми и од областа на историската наука, кои во иднина треба да бидат предмет на нови проучувања. Многу прашања што беа предмет на обработка од овој период на револуционерни превирања во Македонија, се разјаснети а многу покренати за понатамошни проучувања.

Вредно е да се напомене дека сè повеќе се чувствува, и по обработката на темите, и по начинот на дискусијата, дека во нашата историографија постепено хронолошката обработка на историските настани му го отстапува местото на трудовите со синтетички и аналитички карактер.

Бројното учество на научни работници од странство укажува на фактот дека расте интересот за проучувањето на историјата на македонскиот народ, како во Југославија така и во странство. Во нашата историографија недоволно беше обработен овој извонредно значаен период во седумдесеттите години на минатиот век. Меѓутоа се истакна дека голем број на материјали за одделни настани сè уште доволно не се проучени бидејќи архивите во некои странски земји се затворени. Бројот на рефератите и обемната дискусија претставуваат солиден прилог за младата македонска историографска наука за настаните од втората половина на минатиот век. Дискусијата исто така укажа и на изворите во кои треба да се насочат понатамошните истражувања.

Втората пленарна седница се одржа на 19 мај кога беа сумирани резултатите и беше заклучена работата на симпозиумот. На затворањето Организациониот одбор констатира дека дискусијата се развиваше во една научно издржана атмосфера, со почитување на личноста, со полна научна аргументираност, што многу придонесе дискусијата да биде содржајна и конструктивна. Дискусијата ги надополнуваше рефератите и расветлуваше многу настани од тој период, мошне значаен за историјата на македонскиот народ. Дискусијата и контактите во слободните часови многу придонесоа за меѓусебно запознавање на учесниците на симпозиумот, што секако ќе придонесе за развивањето натамошната соработка во истражувањето и проучувањето на повеќе проблеми во врска со историските настани од тој период.

На учесниците им беше соопштено дека се планира рефератите да се објават во посебен зборник и беа замолени, во колку имаат да извршат некои корекции и надополнувања во своите реферати, тоа да го направат до 20 јуни о.г. Беше спомнато дека во зборникот ќе биде регистрирана и дискусијата.

Овие констатации на Организациониот одбор на пленарната седница при завршувањето на работата на симпозиумот беа прифатени од учесниците.

Симпозиумот со своите прилози и дискусијата ги оправда напорите и очекувањата на Маке-

донската академија на науките и уметностите.

Средствата за јавно информирање за цело време го следеа симпозиумот и ја информираа јавноста.

Во попладневните часови љубезните домаќини — градот Штип, општинското раководство и раководството на Педагошката академија сториja сè за престојот на учесниците и гостите на симпозиумот да биде што попријатен и да се чувствуваат како дома, а од Штип да си заминат со најубави спомени.

На заеднички ручек што беше приреден по повод отворањето на симпозиумот на 17 мај 1976 година во мотелот „Осми километар", недалеку од Штип, пред учесниците на симпозиумот и гостите беше изведена културно-уметничка програма во која на отворената сцена настапија: играорната група од с. Лесковица со изворни песни и ора од тој крај, КУД „Црвени трендафили" од Штип и градскиот хор на пензионерите. Концертот беше примен со воодушевување од присутните, а потоа настапи општа веселба. И во наредните два дена штипјани се погрижија во попладневните часови да се направи обиколка на градот и при тоа да се посетат некои позначајни културно-историски споменици во градот: црквата Св. Богородица со галеријата на икони, споменикот на Исарот, ОУ „Гоце Делчев" и др. Беше посетен и археолошкиот локалитет Баргала, за чиј што ископини зборуваше археологот д-р Блага Алексова. Во мошне акустичната сала на црквата Св. Богородица во Ново Село, во чест на гостите беше организиран и концерт на камерна музика во изведба на ансамблот „Св. Софија", под диригентската палка на Тома Прошев.

Во текот на симпозиумот учесниците имаа можност да ја посетат МК „Астибо" и оранжеријата на ЗИК „Црвена Ѕвезда"., „Астибо" и „Македонка" на учесниците им дадоа сувенири.

На 20 мај беше изведена научна екскурзија до Берово, на која присуствуваа поголем број од учесниците на симпозиумот. Екскурзијата беше изведена со автобус. На попатните станици и места каде што се случувале различни историски настани, Михаило Апостолски, Љубен Лапе, Александар Апостолов и Орде Иваноски со куси излагања пробудија спомени од поблиското историско минато на нашиот народ. На влезот во Берово учесниците ги пречекаа општинското раководство и девојки облечени во беровска носија. Потоа учесниците, вклучувајќи се во прославата на стогодишнината од Разловечкото востание, заминаа за с. Русиново каде што беше положено свежо цвеќе на гробот на Никола Петров — Русински. За животот и делото на овој револуционер од тој крај, зборуваше директорот на ИНИ, д-р Орде Иваноски. Потоа учесниците заминаа за Берово каде што пред зградата на ОУ „Дедо Ило Малешевски" беше откриена спомен-биста на Дедо Ило Малешевски, а реферат за неговиот живот и дело поднесе директорот на основното училиште, Јован Рецовски. Во конаците во Берово беше отворена музејска изложба посветена на

Димитар Поп Георгиев — Беровски, а за неговиот живот и дело зборуваше Боро Дракалски. Музејската изложба ја отвори претседателот на МАНУ, акад. Михаило Апостолски. На приемот што се одржа во конаците за развојот на Беровска општина зборуваше претседателот на Извршниот совет на собранието на Берово, Бранко Шумански. Во текот на целиот ден во Берово владееше празнична атмосфера. Срдечноста и гостоприемството на беровчани ќе им остане во многу пријатен спомен на сите гости.

Благој СТОИЧОВСКИ

## Д. П., ЗА ПОСТДИПЛОМСКИТЕ СТУДИИ ОД ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД НА КАТЕДРАТА ЗА ИСТОРИСКИ НАУКИ ПРИ ФИЛОЗОФСКО-ИСТОРИСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со посебна одлука на Советот на Филозофскиот факултет при Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје, прифатена и потврдена од Собранието на Социјалистичка Република Македонија, во наставната 1971/1972 година за првпат беше воведена настава на III степен — постдипломски студии од историјата на македонскиот народ на Катедрата за историски науки.

Поведувањето на ваков вид настава на оваа највисока наставно-научна институција во нашата Република имаше за цел да ги задоволи нараснатите потреби за научно и стручно усовршување на високошколските кадри по историја, кои се вработени во научно-истражувачките, наставно-научните, културно-просветните и др. институции во СРМ. Тоа дојде и како резултат на сè поинтензивното развивање на историската наука кај нас а особено со продлабоченото и сестрано проучување на историјата на македонскиот народ.

Исто така наставата на овие постдипломски студии можат да ја посетуваат и слушатели од другите републики на нашата земја, кои се интересираат и имаат желба да ја проучуваат историјата на македонскиот народ.

Откако ги разгледа кадровските и другите можности, Катедрата за историски науки застана на становиште, во почетокот, да се организираат постдипломски студии од историјата на македонскиот народ — нов и најнов век, а подоцна кога ќе се создадат поволни можности да се воведат вакви студии и за средновековната историја на македонскиот народ.

Главните услови за прием на слушатели на овие постдипломски студии се: кандидатите да имаат завршени четиригодишни студии Група историја, нивниот среден успех од главниот и вториот главен предмет да не биде помал од 8 (осум), или да имаат објавени трудови од областа на историската наука, што ќе бидат позитивно оценети од Комисијата за постдипломски студии при Катедрата за историски науки и да се служат со еден современ странски јазик (пасивно знаење). По овие услови беа примени слушатели во наставната 1971/72 и 1973/74 година. Условите за прием на третата генерација слушатели беа